**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА" ВО СКОПЈЕ**

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ ГЛАСНИК
# INFORMATORI UNIVERSITAR

**Nr.23-7/2026 / Бр.23-7/2026**

**Shkup, Gusht 2026**
**Скопје, Август 2026 година**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së/ Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Bekim Fetaji, rektor / Проф. д-р Беким Фетаји, ректор

Redaktor i Informatorit / Уредник на гласникот:
Prof.Dr. Mustafa Ibrahimi / Проф. д-р Мустафа Ибрахими
Mr. Bujar Kajolli / М-р Бујар Кајоли

Këshilli redaktues / Уредувачки одбор:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi / Проф. д-р Мустафа Ибрахими
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni / Вонр. Проф. д-р Фати Исени
Dr. Raim Jashari / Д-р Раим Јашари
Mr. Bujar Kajolli / М-р Бујар Кајоли

Rregullimi teknik / Техничко уредување
Mr. Bujar Kajolli / М-р Бујар Кајоли

**PËRMBAJTJA/СОДРЖИНА**

1. Упатство за реализација на конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2026/2027 година ........................................................................................................................ 4-22

2. Udhëzim për zbatimin e konkursit për regjistrimin e studentëve në vitin e parë të ciklit të parë të studimeve në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup në vitin akademik 2026/2027 ...23-42

Врз основа на член 151 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), член 200 став 1 алинеја 1 од Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје и Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2026/2027 година, Ректорската управа на Универзитетот, на својата седница одржана на 19.08.2026 година, го донесе следното

# УПАТСТВО
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КОНКУРСОТ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ ВО АКАДЕМСКАТА 2026/2027 ГОДИНА

## I. Основни одредби

### Член 1

Со ова Упатство се обезбедува единствен пристап во толкувањето и примената на одредбите од Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје во академската 2026/2027 година и се уредува постапката и начинот на работа на телата надлежни за реализација на Конкурсот.

### Член 2

Сите кандидати се запишуваат под условите и критериумите утврдени со Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје за академската 2026/2027 година.

## II. Кандидати кои имаат право на запишување во прва година на прв циклус студии

### Член 3

Право на запишување во прва година на прв циклус студии на факултетите на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје имаат кандидати кои:

1. положиле државна матура;
2. положиле државна стручна матура;
3. положиле меѓународна матура;

4. имаат завршено четиригодишно средно образование во учебната 2019/2020 година, согласно прописите донесени за време на вонредната состојба, и не полагале државна матура;
5. имаат завршено четиригодишно средно образование според прописите што важеле пред воведувањето на државната матура (пред учебната 2007/2008 година).

**Член 4**

Право на запишување во прва година на прв циклус студии имаат и кандидати:

1. **со претходно завршено високо или више образование** на сродни факултети и високи школи, како и кандидати кои паралелно студираат на сродни студиски програми.

Кандидатите од став 1 на овој член се запишуваат надвор од утврдените квоти, согласно Конкурсот, врз основа на успехот постигнат во претходното високо или више образование.

Сродноста на претходно завршеното високо или више образование, како и сродноста на студиските програми за паралелно студирање, ја утврдуваат наставно-научните совети на факултетите и ја објавуваат пред објавувањето на Конкурсот.

Кандидатите со претходно завршено високо или више образование и кандидатите кои паралелно студираат на сродни студиски програми се запишуваат под истите услови и критериуми како и останатите кандидати, со кофинансирање на студиите, согласно Конкурсот.

2. **со целосно или делумно завршено четиригодишно средно образование во странство**, согласно условите утврдени во Конкурсот.

**Член 5**

Доколку кандидатите не бидат примени во државната квота или во квотата за кофинансирање на студиите на студиската програма за која конкурирале, а во пријавниот лист навеле уште две студиски програми на кои сакаат да конкурираат, во рамките на истиот факултет или на друга единица на Универзитетот, и доколку на тие студиски програми има слободни места, можат да бидат запишани на една од наведените студиски програми, според редоследот на наведените избори и согласно со слободните места.

Овие кандидати се рангираат на конечната ранг-листа на соодветната студиска програма, по последниот примен кандидат на кого таа студиска програма му била прв избор.

**Член 6**

Основен критериум за селекција на кандидатите за запишување во прва година на прв циклус студии е успехот постигнат во средното образование, во согласност со условите и критериумите утврдени во Конкурсот.

Вреднувањето на успехот се изразува во поени.

При пресметувањето на поените, бодирањето се врши со точност до **три децимални места**.

Начинот на селекција на кандидатите ќе се врши во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа:

a) студиски програми каде селекцијата на кандидатите ќе се врши врз основа на успехот од средното образование;
b) студиски програми каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите. Тоа се однесува на студиски програми со посебни специфичности.

## III. Бодување на кандидатите кои завршиле четиригодишно средно образование и положиле државна матура во учебната 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година и државна стручна матура 2025/2026 година

### Член 7

За кандидатите кои положиле државна матура во учебната 2020/2021, 2021/2022, 2022/2023, 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година, и државна стручна матура 2025/2026 година општиот успех постигнат по сите наставни предмети во средното образование учествува со **60 %**, а успехот постигнат на државната матура учествува со **40 %** во вкупниот број поени. Вкупниот број поени што кандидатот може да ги оствари изнесува најмногу **100 поени**.

Бодувањето на предметите се врши во согласност со **Прилог 1**, кој е објавен на веб страната на Универзитетот, запишување студенти на прв циклус студии на **Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје** за академската **2026/2027 година**.

**Бодување на успехот од средното образование**

**а.1. Пресметка на поените од општиот успех**

На студиските програми на кои селекцијата ќе се врши **само според успехот од средното образование**, бодирањето се врши на следниов начин:

- се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу **60 поени**.

**а.2. Пресметка на поените од успехот постигнат од државната матура или државна стручна матура**

**За кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2020/2021 до учебната 2025/2026 и државана стручна матура во учебната 2025/2026** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура или државна стручната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг поделен со 20, и на кандидатот за содветниот предмет овој збир се множи со 1,0.
- За кандидатите кои на државната матура или државна стручната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оцената на секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за соодветниот предмет поделен со 33, па се множи со 1,0.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

Соодветноста на предметите ја утврдуваат и објавуваат факултетите.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура или државната стручната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.
- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура или државната стручната матура,, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1,2.

Вака добиените производи се собираат.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени** за два соодветни, **14 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **12 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

## IV. Бодување на кандидатите со завршено четиригодишно средно образование во учебната 2019/2020 година.

**Член 8**

**За кандидатите кои средното образование го завршиле во учебната 2019/2020 година** и не полагале државна матура согласно Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба, се собираат сите оцени што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оцени и вака добиениот среден успех се множи со 8. По оваа основа може да се добијат најмногу **40 поени**.

## V. Бодување на кандидатите кои завршиле четиригодишно средно образование и положиле државна матура од 2013/2014 до 2018/2019 година

**Член 9**

**За кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2013/2014 до учебната 2018/2019 година** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За трите екстерни предмети:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот (изразен во проценти) за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените од тој предмет, добиени според горната методологија, се множат со фактор 0,5.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **30 поени** за трите екстерни предмети.

**За интерниот предмет:**

- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **соодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **1,2**.
- Оценката од интерниот предмет кој се полага на државната матура, а кој е **несоодветен** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множи со коефициент **0,8**.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **6 поени за соодветен**, односно **4 поени за несоодветен** интерен предмет.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

## VI. Бодување на кандидатите кои завршиле четиригодишно средно образование и положиле државна матура од учебната 2007/2008 до 2012/2013 година

**Член 10**

**За кандидатите кои полагале државна матура од учебната 2007/2008 до учебната 2012/2013 година** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на државната матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин:

**За двата екстерни предмета:**

- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **соодветен** за студиската програма на која конкурираат, кон оценката од секој екстерен предмет се додава перцентилниот ранг на кандидатот за содветниот предмет поделен со 20.
- За кандидатите кои на државната матура полагале екстерен предмет кој е **несоодветен** за студиската програма на која конкурираат, поените за тој предмет се множат со фактор 0,5. По оваа основа можат да се добијат најмногу **20 поени** за двата екстерни предмета.

**За двата интерни предмета:**

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **соодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира, се множат со коефициент 1,6.

- Оценките од секој од интерните предмети кои се полагаат на државната матура, а кои се **несоодветни** за студиската програма на која кандидатот конкурира се множат со коефициент 1.
  Вака добиените производи се собираат.

По оваа основа можат да се добијат најмногу **16 поени** за два соодветни, **13 поени** за еден соодветен и еден несоодветен и **10 поени** за два несоодветни предмета.

**За проектната задача:**

Оценката добиена на проектната задача се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**.

## VII. Бодување на кандидатите со завршено четиригодишно средно образование во учебните години пред 2007/2008

**Член 11**

За кандидатите кои средното образование го завршиле во претходните учебни години **(пред учебната 2007/2008 година)** и не полагале државна матура, освен пресметувањето на бодовите од точка 6.а.1), се пресметуваат и најмногу 40 поени од предметите кои се значајни за студиската програма, и тоа: збирот од оценките од двата предмети значајни за студиската програма (ННС ги одредува значајните предмети за Студиската програма) се дели со бројот на оценките (независно во колку години предметот се слушал во средното образование) и вака добиениот среден успех, за секој предмет одделно, се множи со 4. По оваа Основа може да се добијат најмногу 20 поени за еден предмет, односно вкупно **40 поени** за двата предмета.

## VIII. Бодирање на успехот од МЕЃУНАРОДНАТА МАТУРА

**Член 12**

**За кандидатите кои полагале маѓународна матура** бодирањето на успехот постигнат при полагањето на меѓународна матура носи најмногу **40 поени** и се врши на следниов начин: Успех постигнат на меѓународната матура, секоја оценка од шесте предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент 1,2. Вака добиените коефициенти се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36 поени**. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент 0,8. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4 поени**. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40 поени**.

## IX. Пресметување на бодови на студиски програми со проверка на знаење и умеење

**Член 13**

Пресметка на бодовите на студиските програми со проверка на знаење и умеење: се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години и од матурскиот испит, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа може да се добијат најмногу 60 поени. Вреднувањето на успехот од проверката на знаењата и умеењата на кандидатите се врши со бодување од 0 до

40 поени. Проверката има елиминаторен карактер со најмалку 10 поени. Проверката според иста постапка ќе се воведува за кандидатите странски државјани, кандидати кои имаат завршено средно образование надвор од РСМ, кандидати со несоодветни интерни и екстерни предмети и кандидатите кои немаат положено државна матура, односно имаат завршено средно образование пред учебната 2007/2008.

**X. Кандидати со завршено соодветно високо или вишо образование и кандидати за паралелно студирање**

**Член 14**

Кандидатите **со завршено соодветно високо или вишо образование**, при пријавувањето, поднесуваат уверение или диплома за завршено соодветно високо или вишо образование и се рангираат на посебна ранг-листа врз основа на постигнатата просечна оценка од претходно завршеното образование.

Кандидатите кои се пријавуваат **за паралелно студирање** поднесуваат свидетелства за завршено средно образование (во оригинал или заверена копија кај нотар), како и уверение за статус на студент на сроден факултет, студиска група или насока. Овие кандидати се рангираат на посебна ранг-листа според успехот постигнат во средното образование.

Постапката за признавање на испити и запишување во семстар треба да биде завршена до уписот од третиот уписен рок.

**XI. Конкурсни комисии**

**Член 15**

За спроведување на Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии, **наставно-научните совети на факултетите**, формираат конкурсни комисии.

По исклучок, доколку од објективни причини не може да се формира конкурсна комисија на одредена единица на Универзитетот, конкурсната комисија за таа единица ја формира **Ректорската управа** на Универзитетот.

Во состав на Конкурсните комисии не влегуваат деканот и продеканите.

Одлуката за составот на конкурсните комисии се доставува до Универзитетската конкурсна комисија.

**Член 16**

За следење и реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија. Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на факултетите, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување. Универзитетската конкурсна комисија донесува Упатство за реализација на Конкурсот.

Рангирањето на кандидатите го вршат конкурсните комисии на одделните факултети.

Конкурсната комисија, на огласната табла на факултетот и на веб страната на универзитетот, ги објавува поените од средното образование (среден успех), и резултатите од проверката на знаењата и умеењата, на студиските програми каде што таа се спроведува (во табелата на резултати ќе бидат објавени и следниве податоци: име, име на родител и презиме, место на живеење, државјанство и статус на прием).

По објавувањето на прелиминарната ранг-листа на кандидатите за запишување од страна на конкурсната комисија, кандидатот има право на приговор во рок од 24 часа. Во спротивно, го губи правото на приговор во натамошната постапка во поглед на објавените резултати. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите, и се упатува до Конкурсната комисија на факултетот. Конкурсната комисија на факултетот носи Одлука по приговорот. Одлуките по приговорите се објавуваат на факултетите.

Доколку кнадидатот не е задоволен и по таа Одлука, во рок од 12 часа има право да поднесе Жалба до Универзитетската конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија во рок 24 часа донесува Одлука по жалбата.

Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија е конечна.

По истекот на роковите за поднесување приговори или жалби и нивно решавање, Универзитетската конкурсна комисија ја објавува конечната ранг-листа, врз основа на која се врши запишување на студенти, од страна на факултетската комисија.

Кандидатите кои во предвидениот рок за упис нема да да ја достават соодветната документација, односно воопшто нема да се јаваат на службата за студентски прашања на соодветниот факултет каде што се примени, ќе се третира дека се откажуваат од приемот и нивното место повторно ќе биде објавено во дополнителниот конкурс.

Факултетите на кои и по завршувањето на првиот уписен рок ќе останат непополнети места, вршат запишување во втор односно во трет уписен рок.

**Доколку при запишување на кандидатите, некој од кандидатите кој бил рангиран на конечната ранг листа во првиот уписен рок не поднесе документи за запишување и не се запише, тогаш факултетската конкурсна комисија прави прерангирање, пополнувајќи ги испразнетите места на Ранг листата, поместувајќи ги следните кандидати погоре на Ранг листата според бројот на вкупните бодови.**

**Член 17**

По завршувањето на својата работа, Конкурсната комисија составува записник во кој се утврдува бројот на пријавените и бројот на примените кандидати.

Записникот го потпишуваат сите членови на Конкурсната комисија.

По завршувањето на секој уписен рок, факултетите доставуваат до Ректоратот извештај за:

- бројот на пријавените кандидати;
- бројот на примените кандидати;
- бројот на кандидатите кои не се примени,

согласно со образецот утврден од Ректоратот.

## XII. Универзитетска конкурсна комисија

**Член 18**

Ректорската управа на Универзитетот формира **Универзитетска конкурсна комисија**, во која се застапени сите факултети.

Универзитетската конкурсна комисија го следи спроведувањето на Конкурсот на сите единици на Универзитетот, се грижи за доследна примена на одредбите од Конкурсот, дава насоки и мислења во текот на неговото спроведување и укажува на евентуални неправилности, пропусти и грешки во работата на конкурсните комисии.

Доколку во текот на спроведувањето на Конкурсот Универзитетската конкурсна комисија утврди дека постојат неправилности или повреди на одредбите од Конкурсот, може да донесе одлука за поништување на одлуките на конкурсната комисија на соодветната единица.

Единицата на Универзитетот има право да поднесе приговор на одлуката на Универзитетската конкурсна комисија до Ректорската управа, во рок од **24 часа** од денот на нејзиното донесување.

Одлуката на Ректорската управа по поднесениот приговор е конечна.

## XIII. Запишување редовни студенти во државна квота

**Член 18**

Студентите во државна квота се запишуваат со плаќање надоместок за студиите, во износ од 200 евра, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ.

Плаќањето на надоместокот, по правило, се врши во две еднакви рати, при запишувањето на зимскиот, односно летниот семестар.

Надоместокот од став 1 на овој член, студентите кои го задржуваат статусот на редовни студенти во државна квота согласно Статутот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, го поднесуваат во текот на целото студирање.

Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот на листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет кандидати), факултетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако, пак, бројот на ваквите кандидати е поголем од 5, тогаш факултетите овие кандидати ги рангираа според дополнителни критериуми: соодветноста на изработената проектанта задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, членови на спортски репрезентации на РСМ, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл.

Бројот на студенти припадници на безбедносните сили и други категории на лица утврдени со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен весник на Република Македонија“ бр.2/02, 17/03, 30/04 и 66/07 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.53/21), во учебната 2026/2027, кои се запишуваат во посебна квота на јавните високообразовни установи во состав на универзитетите од точка 1 од оваа одлука

(без поднесување на трошоци за студирање), може да изнесува најмногу **10% од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма**.

Правото од претходниот став кандидатите го остваруваат при пријавувањето, со документ од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи. Дополнително доставување документ за кандидатите кои се запишуваат во прва година не се зема предвид.

Високообразовната установа нема да наплатува партиципација за:

- лица без родители до 26-годишна возраст, доколку се невработени (се докажува со потврда од надлежниот центар за социјална работа);
- лица од прв и втор степен на инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата (се докажува со наод и мислење на Службата за функционална проценка при ЈЗУ Здравствен дом – Скопје и со решение од Центарот за социјална работа за видот и степенот на попреченоста);
- воени инвалиди (се докажува со решение на Министерството за труд и социјална политика – Управа за прашања на борците и воените инвалиди);
- лица растени во домови за напуштени деца до 26-годишна возраст, доколку се невработени; и
- други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, најмногу до **10% од вкупниот број редовни студенти на соодветниот факултет утврден во Конкурсот.** Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

## XIV. Запишување студенти со кофинансирање на студиите

**Член 19**

На факултетите, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата.

Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок на студиите, во износ од 400 евра, во денарска противредност според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

Надоместокот од претходниот став на овој член студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

Факултетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија.

Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од 24 часа по објавувањето на конечната ранг-листа дека се согласуваат во текот на целокупното студирање да ги кофинансираат студиите.

Листата на примените кандидати во оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија.

Студентите со кофинансирање при запишувањето склучуваат договор со факултетот/Универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

**XV. Запишување вонредни студенти**

**Член 20**

На одделни студиски програми на факултетите, како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и се вработени, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

За оправдани причини од претходниот став се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

Вонредните студенти се запишуваат според исти услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг-листа.

Студентите што се запишуваат во оваа категорија, плаќаат надоместок за студиите во износ од **400 евра** во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето, во најмалку две еднакви рати.

Надоместокот од став 2 на оваа точка студентите го поднесуваат во текот на целокупното студирање.

При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите кои ги исполнуваат условите за запишување поднесуваат и потпишана изјава заверена на нотар во која се наведуваат причините за вонредно студирање под целосна лична одговорност.

**а) XVI. Кандидати со завршено средно образование во странство, кандидати со**
**а) завршена меѓународна матура и кандидати од приватните средни училишта во**
**а) РСМ.**

**Странски државјани**

**Член 21**

Странските државјани се запишуваат надвор од квотите утврдени во Конкурсот, а нивниот број може да изнесува до 20% од вкупниот број на студенти утврден со конкурсот во ниво на студиска програма, освен студиските програми каде настава се одвива на англиски јазик.

Селекцијата на странските државјани кои се пријавуваат за студирање на студиските програми по англиски јазик се врши со проверка на знаењата и умеењата.

При пријавувањето, кандидатите наведуваат на кој факултет, односно студиска програма сакаат да студираат, дали се стипендисти на својата влада или самостојно ги

поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат свидетелство за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, потврда за знаење на македонскиот или албанскиот јазик (издадена од комисија на Универзитетот или други релавантни институции). Странските државјани со Свидетелството за завршено средно образование, како и свидетелства за сите класови пред почетокот на учебната година, треба да доставуваат одлука/решение за нострификација од одредената институција на РСМ, односно документација за почеток на постапката за нострификација. Школарината за странските државјани во учебната 2026/2027 година изнесува 300 евра за еден семестар односно 600 евра за една школска година. Во оваа категорија студенти припаѓаат и кандидатите странски државјани чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија.

Странски државјани кои завршиле средно образование во РСМ, при пресметување на бодовите, се третираат исто како државјаните на РСМ, но статусот на кандитатот ќе се третира како кај странските државјани во овој дел на конкрусот. Странските државјани го задржуваат истиот статус до дипломирањето.

## XVII. Иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование, со дел од средното образование во странство, кандидати со меѓународна матура и кандидати државјани на РСМ со средно во приватните училишта во РСМ.

### Член 22

Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното средно образование го завршиле во странство се запишуваат надвор од квотата, со кофинансирање на студиите.

Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти изнесува 400 евра годишно во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето (како за кандидатите од глава VI),

Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство.

Овие кандидати се запишуваат надвор од квотата, но најмногу до 10% од државната квота по студиска програма.

Кандидатите државјани на РСМ кои имаат завршено дел од средното образование во странство, можат да се запишуваат под условите и критериумите утврдени во Конкурсот за кандидатите со завршено средно образование во РСМ, во рамките на државната квота, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство.

Кандидатите државјани на РСМ со завршена меѓународна матура се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија, со тоа што, покрај другите документи, поднесуваат и

нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршено во странство, односно за завршена меѓународна матура. Кандидатите се запишуваат под исти услови и критериуми како кандидатите со завршено средно образование во РСМ согласно Глава II, точка 6 од Конкурсот.

Кандидати со завшрено средно образование во приватните акредитирани училишта во РСМ, со државна матура, ќе се третитаат исто како и кандидатите со завршено образование во Репулбика Северна Македонија.

## XVIII. Дополнителни квоти утврдени од Владата на РСМ

### Член 23

За обезбедување правична и соодветна застапеност на студентите припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, на високообразовната установа Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2026/2027 година, дополнително ќе се запишат студенти припадници на овие заедници, чиј број да не е повисок од **10%** од вкупниот број студенти кои се запишуваат во прва година – **прв циклус на студии на ниво на факлултет**. При тоа, во рамките на овој процент, соодветно да бидат застапени припадниците на сите заедници до процентот со кој соодветната заедница е застапена во вкупното население на Република Северна Македонија. На високообразовната установа Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, припадниците на албанската заедница може да се запишуваат само во редовните квоти.

Процентот на студентите припадници на овие заедници заедно во државната и во дополнителната квота, треба да биде до процентот на застапеноста на соодветната заедница во вкупното население на Република Северна Македонија .

Според **Пописот на населението 2021** на Државниот завод за статистика, за **резидентното население** (населението кое живее во државата), националната структура е:

| **Националност** | **Број** | **%** |
|---|---|---|
| Македонци | 1.073.299 | 58,44% |
| Албанци | 446.245 | 24,30% |
| Турци | 70.961 | 3,86% |
| Роми | 46.433 | 2,53% |
| Срби | 23.847 | 1,30% |
| Бошњаци | 16.042 | 0,87% |
| Власи | 8.714 | 0,47% |
| Други | околу 18.900 | 1,03% |
| Лица за кои податоците се преземени од административни извори | 132.260 | 7,20% |

Ако се пресмета **процентуалната застапеност** (односно без Македонци и Албанци), се добива:

| Заедница | Учество меѓу останатите заедници |
|---|---|
| Турци | **38,37%** |
| Роми | **25,15%** |
| Срби | **12,92%** |
| Други | **10,24%** |
| Бошњаци | **8,65%** |
| Власи | **4,67%** |

На пример,

**1. Економски факултет** има **16 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно (местата треба да бидат сразмерно распоредени, редовни и со кофинансирање):

- Турци – 6 места
- Роми – 4 места
- Срби – 2 места
- Бошњаци – 1 место
- Власи – 1 место
- Други – 2 места

**2. Правен факултет** има **12 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 5 места
- Роми – 3 места
- Срби – 1 место
- Бошњаци – 1 место
- Власи – 1 место
- Други – 1 место

**3. Факултет за социјални науки** има **34 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 13 места
- Роми – 9 места
- Срби – 4 места
- Бошњаци – 3 места

- Власи – 2 места
- Други – 3 места

**4. Факултет за информатички науки** има **16 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 6 места
- Роми – 4 места
- Срби – 2 места
- Бошњаци – 1 место
- Власи – 1 место
- Други – 2 места

**5. Факултет за технички науки** има **24 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 9 места
- Роми – 6 места
- Срби – 3 места
- Бошњаци – 2 места
- Власи – 1 место
- Други – 3 места

**6. Факултет за технолошки науки** има **19 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 7 места
- Роми – 5 места
- Срби – 2 места
- Бошњаци – 2 места
- Власи – 1 место
- Други – 2 места

**7. Факултет за хумасниститички науки** има **7 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 3 места
- Роми – 2 места

- Срби – 1 место
- Други – 1 место

**8. Факултет за градежништво и архитектура** има **9 дополнителни места** што треба да се распределат само меѓу овие заедници, пропорционално би било приближно:

- Турци – 4 места
- Роми – 2 места
- Срби – 1 место
- Бошњаци – 1 место
- Други – 1 место

### Член 24

На индексот и другите јавни исправи на студентите не смее да се означува нивната припадност на категориите врз основа на кои го оствариле правото на запишување.

## XIX. Префрлување од друг универзитет и промена на статус

### Член 25

Студентот запишан на една студиска програма на некоја од студиските програми на Универзитетот како редовен, во текот на студирањето може да го промени својот статус и тоа:

- Редовен студент во државна квота во студент со кофинансирање или вонреден студент или на друга студиска програма со ист статус како студент со кофинансирање или вонреден студент,
- Не е дозволено префрлување од кофинансирање или вонредно студирање во државна квота.

За премин од друг универзитет на Универзитет Мајка Тереза освен докумнетите од глава XXI, потребно е да се поднесе Барање од студентот, со доказ за уплата на административна такса и уплата со цел на дознака премин од друг универзитет на УМТ и Уверение за положени испити, и по приемот треба да поднесе исписница. Префрлувањето може да се направи согласно правилникот на УМТ за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии.

Целата постапка за премин од друг универзитет на Универзитет Мајка Тереза треба да заврши заклучно со третиот рок за запишување на новите студентите.

**XX. Уписни рокови**

**Член 26**

Запишувањето на студентите се спроведува во уписни рокови, утврдени со овој конкурс.

Во првиот уписен рок се запишуваат сите кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, согласно со расположливите места предвидени со конкурсот.

Доколку по завршувањето на првиот уписен рок останат непополнети места, запишувањето продолжува во втор, односно во трет уписен рок, согласно со конкурсот.

По потреба, Ректорската управа може да донесе одлука за распишување дополнителен уписен рок.

**Член 27**

Доколку во првиот уписен рок, при утврдувањето на конечната ранг-листа, повеќе кандидати (најмногу пет) имаат еднаков број поени на последното место предвидено за запишување, сите тие кандидати ќе бидат запишани.

Доколку бројот на кандидатите со ист број поени е поголем од пет, факултетот, ќе изврши рангирање врз основа на дополнителни критериуми утврдени со конкурсот.

Како дополнителни критериуми можат да се земат предвид:

- освоени награди на државни и меѓународни натпревари;
- сертификати за познавање странски јазици;
- други релевантни достигнувања поврзани со студиската програма.

Дополнителните критериуми ги утврдува наставно-научниот совет на факултетот.

**Член 28**

Доколку по завршувањето на првиот уписен рок останат слободни места, Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје ќе ги објави слободните места за вториот и, доколку е потребно, за третиот уписен рок, во согласност со овој конкурс.

**XXI. Документи за пријавување и запишување**

**Член 29**

При пријавувањето за запишување на факултетите кандидатите ги поднесуваат следниве документи:

1. **Пријавен лист (во просториите на универзитетот);**
2. **Оригинални свидетелства од сите класови од средно образование;**
3. **Диплома за завршено средно образование;**
4. **Извод од матичната книга на родените;**
5. **Доказ за државјанство;**
6. **Потврда за уплатени:**
   a) 800 денари на жиро-сметката на Универзитетот: на име на административни трошоци.
   b) 600 денари дополнителни трошоци за секој предмет, на соодветната студиска програма каде што е предвиден приемениот испит, на жиро-сметката на Универзитетот: на име на Комисии за проверка на знаења и умеења и интервјуата (за студиски програми по англиски).

Кандидатите кои се пријавуваат на програмите каде има можности за вонренди студии, освен наведената документација, треба да доставуваат и одредени документи за оправдување на статусот според наведените критериуми во овој конкурс.

**При запишувањето, примените кандидати ги поднесуваат:**

1. Пријавни листови за запишување (обрасците се подигаат на факултет)
2. три фотографии (две 6x9 и една 4x5)
3. потврда за уплатени;
   - ✓ 100 денари на жиро-сметката на Универзитетот: на име на Студентскиот парламент
   - ✓ 800 денари, на жиро-сметката на Универзитетот: на име на издавање на индекс.
   - ✓ 750 денари, на жиро-сметката на Универзитетот: на име: спортски, културни, информациски и информативни дејности на студентите на Универзитетот.
   - ✓ Уплатени средства за прв семестар.

Сите горенаведени уплати да се реализираат на жиро-сметката на Универзитетот, на следниот начин:

Ø во „назив на примачот“ – Универзитет „Мајка Тереза’’во Скопје,

Ø во „банка на примач“ - Народна банка на Р. С. Македонија,

Ø во „сметка“ – 100000000063095,

Ø во „износ“ – износот на финансиските средства што треба да се уплатат,

Ø во „сметка на буџетски корисник“,

– во „единка корисник“ – 1600162677 788 15,

Ø во „приходна шифра и програма“ – 723012 45.

**Член 30**

Ова Упатство влегува во сила со денот на објавување во Универзитетски гласник.

Ректор,

Проф.д-р Bekim Fetaji с.р.

Në bazë të nenit 151 të Ligjit për Arsimin e Lartë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 82/2018 dhe “Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut” nr. 178/21, 58/24 dhe 124/25), nenit 200, paragrafi 1, alineja 1 të Statutit të Universitetit “Nënë Tereza” në Shkup dhe Konkursit për regjistrimin e studentëve në vitin e parë të ciklit të parë të studimeve në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup për vitin akademik 2026/2027, Rektorati i Universitetit, në mbledhjen e mbajtur më 19.08.2026, miratoi këtë:

# UDHËZIM
# PËR ZBATIMIN E KONKURSIT PËR REGJISTRIMIN E STUDENTËVE NË VITIN E PARË TË CIKLIT TË PARË TË STUDIMEVE NË UNIVERSITETIN “NËNË TEREZA” NË SHKUP NË VITIN AKADEMIK 2026/2027

## I. Dispozitat themelore

### Neni 1

Me këtë Udhëzim sigurohet një qasje e unifikuar në interpretimin dhe zbatimin e dispozitave të Konkursit për regjistrimin e studentëve në vitin e parë të ciklit të parë të studimeve në fakultetet e Universitetit “Nënë Tereza” në Shkup, në vitin akademik 2026/2027, si dhe rregullohet procedura dhe mënyra e punës së organeve kompetente për zbatimin e Konkursit.

### Neni 2

Të gjithë kandidatët regjistrohen sipas kushteve dhe kritereve të përcaktuara me Konkursin për regjistrimin e studentëve në vitin e parë të ciklit të parë të studimeve në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup për vitin akademik 2026/2027.

## II. Kandidatët që kanë të drejtë të regjistrohen në vitin e parë në ciklin e parë të studimeve

### Neni 3

Të drejtë për regjistrim në vitin e parë të ciklit të parë të studimeve në fakultetet e Universitetit “Nënë Tereza” në Shkup kanë kandidatët të cilët:

1. të kenë kaluar provimin shtetëror të maturës;
2. të kenë kaluar provimin shtetëror të maturës profesionale;
3. të kenë kaluar provimin ndërkombëtar të maturës;
4. të kenë përfunduar arsimin e mesëm katërvjeçar në vitin akademik 2019/2020, në përputhje me rregulloret e miratuara gjatë gjendjes së jashtëzakonshme, dhe të mos kenë dhënë provimin shtetëror të maturës;

5. të kenë përfunduar arsimin e mesëm katërvjeçar sipas rregulloreve që ishin në fuqi para futjes së provimit shtetëror të maturës (para vitit akademik 2007/2008).

**Neni 4**

Kandidatët kanë të drejtë të regjistrohen edhe në vitin e parë të studimeve të ciklit të parë:

1. me arsim të lartë ose arsim të lartë profesional të përfunduar më parë në fakultete dhe shkolla të larta të ngjashme, si dhe kandidatët që studiojnë paralelisht në programe studimore të ngjashme.

Kandidatët nga paragrafi 1 i këtij neni regjistrohen jashtë kuotave të përcaktuara, në përputhje me Konkursin, në bazë të suksesit të arritur në arsimin e mëparshëm të lartë ose të lartë profesional.

Ngjashmërinë e arsimit të mëparshëm të përfunduar të lartë ose të lartë profesional, si dhe ngjashmërinë e programeve studimore për studime paralele, e përcaktojnë këshillat mësimor-shkencorë të fakulteteve dhe e publikojnë para shpalljes së Konkursit.

